**Фонд за техничка документација**

**Втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти**

**Прашања и одговори (3)**:

1. **Дали во една апликација може да се комбинираат два проекти од две различни категории, на пр., Подобрување на транспортната инфраструктура и сообраќајниот режим и Подобрување на социјална инфраструктура, секако во рамки на дозволениот буџет?**

**ОДГОВОР:** Со една апликација може да се поднесат барања за изработка на два проекти (две Проектни програми) од две различни категории доколку се во рамките на превидениот грант и кофинансирање.

2. **Дали се прифаќа, како дел од иста апликација, изработка на техничка документација за проект за реконструкција на улица и изработка на техничка документација за проект за поставување на систем на фотоволтаици и термални колектори на детска градинка.**

**ОДГОВОР:** Ваков тип на проекти се прифаќаат сé додека ги исполнуваат условите за намалување на емисијата на загадувачки материи во воздухот. Конкретно, проект за реконструкција на улица може да биде поддржан доколку целта на проектот е намалување на загадувањето на воздухот, на пример, преку поттикнување на користење на велосипеди, пешачки патеки или јавен сообраќај. Таков пример може да биде реконструкција на улица со проширување за велосипедски и пешачки патеки и/или брзи сообраќајни ленти за јавен сообраќај.

3. **Ги разгледувавме роковите и календарот на проектот и сметаме дека треба да се земе во предвид дека изборниот процес сé уште официјално не е завршен. За реализација на проектите по потпишувањето на договорите ќе треба да се обезбеди кофинансирање во соодветни ставки од буџетот за што можеби ќе треба да се прават одредени измени на буџет, да се донесе одлука на Совет. Ќе биде потребно да се направат и измени на планот за јавни набавки и дури потоа да се распише набавката. Сето ова реално е тешко остварливо во наведениот период и да се заврши до 24 декември, многу е краток рокот за проектирање. Дополнително треба да се има во предвид дека се започнува во екот на годишните одмори.**

**ОДГОВОР:** Наведените рокови се ориентациони, па доколку има потреба може да се прилагодат во моментот на потпишување на договорите со избраните добитници на грант. Инаку, пожелно е предложените проекти од страна на општините/центрите да се приоритетни, односно веќе да се предвидени во годишните планови за набавки.

4. **Нашата општина има потреба техничка документација за изградба на сервисни улици до обиколница. Дали со грантот ќе се подржат сите потребни фази на техничка документација (електрика, водовод, канализација, сообраќај), или се однесува на Основни проекти за изградба на улици - фаза архитектура и градежништво.**

**ОДГОВОР:** Доколку со изградбата на сервисната улица ќе се намали сообраќајниот метеж, а со тоа се намали загадувањето на воздухот може да се поддржи изработката на основните проекти по сите неопходни инженерски области-фази (урбанизам, водовод, канализација, електротехника), но само во проектниот опфат на улицата. Притоа, во предвид треба да се имаат финансиските

ограничувања на грантот. Доколку обемот на работа бара средства над вкупната висина на грантот, тогаш барателот на грант треба да го обезбеди дополнително потребното финансирање дури и ако тоа го надминува минималното барање оф 20%.

5. **Дали може да се аплицира за чистење на речно корито?**

**ОДГОВОР:** Второт повик не поддржува проекти од ваков тип, односно проекти за регулација или чистење на речни корита.

6. **Дали може да се аплицира со проекти за изградба на канализациона мрежа. Самиот проект може да се соочува со потреба од експропријација.**

**ОДГОВОР:** Со овој повик не се поддржуваат проекти од ваков тип, односно проекти за изградба или реконструкција на водоснабдителна мрежа, атмосферска или фекална канализациона мрежа. Дополнително, предложените проекти не треба да се соочуваат со имотно-правни прашања.

7. **Дали доколку Центарот поднесе апликација за интегриран систем за контрола и надзор на сообраќајот во општините во планскиот регион, каде крајни корисници ќе бидат општините, општините ќе можат самостојно да аплицираат свои проектни апликации?**

**ОДГОВОР:** Како прво барање, поднесениот проект треба да вклучува изработка на техничка документација (основен проект и другата придружна документација). Дополнително, во конкретниот случај, доколку системот кој би се воспоставил како резулат на проектот би бил управуван и одржуван од страна на Центарот (на пр., преку финансии од сопствени, донаторски, буџетски средства или заем) без учество на општините, во тој случај индивидуалните општини од планскиот регион може да поднесат посебни барања за грант.

8. **Дали може да се финансира проект за пристапен пат до парцели за фотоволтаични центари.**

**ОДГОВОР:** Доколку електричната енергија од фотоволтаичните централи се користи исклучиво за објекти во населеното место (јавни објекти, индивидуални куќи или згради), во тој случај може да се поддржи проект за пристапен пат до планирани или веќе изградени фотоволтачни централи. Во спротивно, доколку фотоволтаичните централи се во приватна сопственост и ја продаваат произведената електрична енергија на слободен пазар, нема да се поддржат проекти за изградба на пристапни патишта до централите.

9. **Дали може Центар да аплицира за проект за 1 општина или задолжиотелно треба да бидат опфатени повеќе општини?**

**ОДГОВОР**: Центрите може да аплицираат во име на најмалку две општини.

10. **Дали може да се аплицира со сообраќаен проект за пренамена на режимот на сообраќај и паркинг места?**

**ОДГОВОР:** Проекти со цел за намалувањето на загадувањето на воздухот преку подобрување на сообраќајниот режим и изработка на сообраќајен проект може да биде поддржан со овој повик. Проекти за паркинг места мора да овозможат намалување на сообраќајниот метеж и промоција на користење на алтернативни сообраќајни решенија (на пр., јавен превоз, велосипеди). Тоа треба да биде образложено во рамките на барањата за грант.

**11. Дали може да се конкурира за техничка документација за водоводни системи?**

**ОДГОВОР:** Вториот повик не поддржува проекти од ваков тип, односно проекти за изградба или реконструкција на водоснабдителна мрежа, атмосферска или фекална канализациона мрежа. Сепак, доколку проектот опфаќа рехабилитација на филтерски станици за вода за пиење, пумпни или пречистителни станици за отпадни води со цел да се намали потрошувачка на електрична енергија со користење на алтернативни извори на енергија или технолошки процес со кој се намалува потрошувачката на енергија, во тој случај проектот може да биде поддржан.

**12. Дали може да се аплицира за сообраќаен проект?**

**ОДГОВОР:** Проекти со цел намалувањето на загадувањето на воздухот преку промена на сообраќајниот режим и изработка на сообраќајен проект може да биде поддржан со овој повик.

**13. Дали средствата се со или без ДДВ?**

**ОДГОВОР:** Проценката на вредноста за изработка на техничката документација треба да биде пресметана без ДДВ.